USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

BUSINESS ENVIRONMENT ACTIVITY

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КХВ
MCMXCII

# ПРИРАЧНИК

## за преземање на акционерски друштва



# ПРИРАЧНИК
## за преземање на
## акционерски друштва

Оваа публикација е подготвена од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, со великодушната поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД)

Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави

**Скопје, 2009**

***Почитувани читатели,***

*Прирачникот што е пред вас има за цел да ви го претстави процесот на преземање на акционерски друштва во Република Македонија.*

*Развојните потреби на компаниите, особено потребите за проширување на асортиманот на производството, за зголемување на продажбата, за освојување нови пазари или пак зголемување на пазарното учество на постојните пазари, намалување на конкуренцијата, искористување на економијата на обем и слично се основните мотиви за преземање на компании.*

*Во зависност од комуникацијата меѓу менаџментот на таргетираната компанија и понудувачот за преземање, преземањата може да бидат пријателски или непријателски преземања. Кога меѓу понудувачот и менаџментот на компанијата постои коректна комуникација и менаџментот смета дека прифаќањето на понудата е подобра опција за акционерите отколку одбивањето на истата, станува збор за пријателско преземање. Во тој случај менаџментот му овозможува на понудувачот целосно да го скенира неговото работење односно да изготви детален* ***"due diligence"****. Во случај на непријателско преземање менаџментот на компанијата смета дека понудата за преземање е неповолна за компанијата, меѓутоа и покрај таквото мислење на менаџментот понудувачот ја дава понудата. Непријателско преземање е и кога понудувачот воопшто не водел никакви преговори со менаџментот на компанијата што ја презема. Во случај на непријателско преземање понудувачот влегува во поголем ризик бидејќи има пристап само до јавно објавените информации. Покрај тоа, и банките потешко одобруваат кредити и гаранции во случаи на непријателски преземања. Пријателските преземања во најголем број случаи имаат позитивен исход односно постапката за преземање успешно завршува, додека непријателските преземања се понеизвесни и тие честопати завршуваат како неуспешни.*

*Преземањата на акционерските друштва се законски регулирани. Основните принципи на кои се темелат регулативите од областа на корпоративните преземања се: заштита на правата на акционерите, особено на малцинските акционери, недискриминација во постапката на преземање и обезбедување фер правила за сите учесници во постапките на преземање, информирање на вработените во друштвото коешто е цел на преземањето, допуштањето на конкурентски понуди од страна на други*

*понудувачи, кои ги обврзуваат истите правила како и првичниот понудувач, со право на првиот понудувач да ја повлече својата понуда.*

*Постапката на преземање на акционерските друштва во Република Македонија е регулирана со посебен закон, со Законот за преземање на акционерските друштва (Службен весник на РМ бр.04/2002, бр.37/2002 и бр.6/2007).*

*Целите на Законот се следниве:*

- *обезбедување еднаков и рамноправен третман на учесниците во преземањето(понудувачот, акционерите и управата на друштвото);*
- *заштита на акционерите;*
- *транспарентност во процесот на преземањето, и*
- *безбеден и навремен пренос на сопственост и паричните добивки на акционерите.*

*Со утврдувањето на начинот и условите за купување на хартии од вредност, роковите за преземање на одредени дејствија и др., законот им обезбедува на понудувачот и управата на друштвото еднакви можности за презентирање на нивните ставови во врска со преземањето. Исто така, на акционерите им обезбедува доволно информации и време за разгледување на објавената понуда и донесување одлука за нејзино прифаќање или одбивање, односно одлука за продавање.*

*Законот ги уредува начинот и условите за купување хартии од вредност на акционерско друштво - издавач на хартии од вредност, од страна на правно или физичко лице коешто се стекнало, или има намера да стекне учество што му обезбедува повеќе од 25% од правата на глас што произлегуваат од хартиите од вредност на тоа акционерско друштво. Изборот на прагот од 25% од гласачките права се заснова на фактот дека доколку некој располага со повеќе од 25% гласови на Собранието на друштвото, тој има можности за запирање на донесување на битни одлуки на Собранието на друштвото, односно се стекнува со значајно учество во управувањето.*

*Законот се применува за хартиите од вредност на акционерските друштва со посебни обврски за известување. Согласно Законот за хартии до вредност, акционерски друштва со посебни обврски за известување се друштва кои извршиле јавна понуда на хартии од вредност, или имаат основна главнина од 1 милион евра и повеќе од 100 акционери или се котирани на берза. Одредбите од Законот за преземање на акционерските друштва се применуваат за хартии од вредност кои се продаваат, односно запишуваат и уплатуваат на примарниот пазар и за хартиите од*

*вредност со кои се тргува на организиран пазар на долгорочни хартии од вредност во согласност со закон.*

*Овој прирачник ќе Ви помогне полесно да ја разберете законската постапка за преземање на акционерско друштво со посебни обврски за известување.*

*На крајот на прирачникот е дадена листата на правилници донесени од Комисијата за хартии од вредност врз основа на одредбите од Законот за преземање на акционерските друштва.*

***Доколку имате одредени прашања во поглед на постапката на преземање на акционерски друштва, обратете се во Комисијата за хартии од вредност чии контакт информации се дадени на крајот на оваа брошура.***

***Со почит,***
***Комисија за хартии од вредност***

# СОДРЖИНА

**1. Постапка за преземање на акционерско друштво........................9**

а. Понудувач ..................................................................................9
б. Предмет на понудата за откуп..............................................10
в. Начини на плаќање ...............................................................10
г. Тек на постапката за преземање на акционерско друштво .10

**2. Промена на понудата за откуп.........................................................18**

**3. Повлекување на понудата ...............................................................18**

**4. Конкурентска понуда за откуп .......................................................19**

**5. Принудна продажба и принудно купување ...............................19**

**6. Ограничување на дејствата на органот на управување на акционерското друштво...................................................................21**

**7. Забранети дејства ...............................................................................21**

**8. Задолжителни известувања..............................................................22**

а. Известувања на Комисијата.......................................................22
б. Објави ............................................................................................22

**9. Контрола на спроведувањето на понудата за откуп.................. 24**

**ПРИЛОГ 1:**

**Правилници кои произлегуваат од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РМ бр. 4/2002, 37/2002 и 36/2007 година) ..............................25**

1. Правилник за формата и содржината на полномошното за гласање за поединечни работи на седница на собранието на акционери во акционерското друштво .......................................26

2. Правилник за документацијата што се поднесува кон барањето за издавање дозвола за понуда за откуп.....................29

3. Правилник за начинот на вршење контрола на работењето на акционерските друштва и на учесниците на пазарот на капитал во делот на применување на Законот за преземање на акционерски друштва....................32

4. Правилник за утврдување на критериумите за поврзани лица ..........................................................................37

5. Правилник за содржината на извадокот од проспектот за откуп на хартии од вредност......................................................39

6. Правилник за содржината на проспектот за откуп на хартии од вредност..................................................................40

7. Правилник за деталната содржина, начинот и роковите за објавување на известувања за деловни настани кои би можеле да имаат значително влијание на цената на хартиите од вредност...........................................47

**ПРИЛОГ 2:**
**ПРИМЕРИ ОД ПРАКСАТА..........................................................51**

ПРИМЕР 1:
ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДРУШТВОТО АВ ОД СТРАНА НА ДРУШТВОТО CD ........................................................................ 51

ПРИМЕР 2:
ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДРУШТВОТО XY ОД СТРАНА НА ДРУШТВОТО Z..........................................................................55

**ПРИЛОГ 3:**
**КОНТАКТ НА КХВ.........................................................................59**

## 1. Постапка за преземање на акционерско друштво

### а. Понудувач;

Јавна понуда за откуп задолжително дава лицето кое се стекнало со хартии од вредност издадени од определено акционерско друштво, со што овие хартии од вредност, заедно со другите хартии од вредност што веќе ги поседува, му обезбедуваат право на глас во акционерското друштво од најмалку 25%.

Понуда за откуп е должно веднаш да даде и лицето кое во еден календарски ден преку една или повеќе трговски трансакции се стекне со хартии од вредност кои заедно со акциите кои претходно ги поседувало му обезбедуваат право на глас во акционерското друштво од најмаку 25%.

Јавна понуда за откуп дава и лице кое, врз основа на успешна понуда за откуп во согласност со Законот за преземање на акционерски друштва, веќе се стекнало со помалку од 45% од хартиите од вредност, а по завршувањето на таа понуда за откуп се стекнало со дополнителни 5% од тие хартии од вредност.

Јавна понуда за откуп на хартии од вредност може да даде и лице кое во моментот на јавната понуда за откуп не стекнало повеќе од 25% од хартиите од вредност на друштвото кои обезбедуваат право на глас, а кое сака да изврши преземање, при што и за таквата понуда важат одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва.

Како хартии од вредност што ги поседува понудувачот се сметаат:

- акции со право на глас;
- акции со право на глас со кои се стекнало трето лице во свое име и за сметка на понудувачот;
- акции со право на глас што се во сопственост на лица и друштва поврзани со понудувачот кои дејствуваат заеднички;
- хартии од вредност со право на конверзија во акции со право на глас на понудувачот и лицата од алинеите 2 и 3;
- опциски договор за купување акции на понудувачот и лицата од алинеите 2 и 3; и
- акциите коишто понудувачот и лицата од алинеите 2 и 3 ги стекнале врз основа на нетрговски пренос (судска одлука, компензација, реализиран залог).

**б. Предмет на понудата за откуп;**

Понудата за откуп согласно Законот за преземање се дава за хартиите од вредност издадени од акционерските друштва со посебни обврски за известување и тоа на следниве хартии од вредност:

- акциите со право на глас и
- хартиите од вредност со право на конверзија во акции со право на глас.

**в. Начини на плаќање;**

Понудувачот може плаќањето на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп да го изврши на повеќе начини:

- да понуди плаќање со пари *(понуда со пари)*;
- да понуди плаќање со други хартии од вредност и тоа само веќе издадени акции, односно обврзници кои котираат на официјалните пазари на берзата или акции на странски претпријатија кои котираат на берза која е поврзана со берзите на Република Македонија и акции, односно обврзници кои понудувачот првпат ќе ги издаде заради преземање *(понуда со хартии од вредност за замена)*;
- да понуди дел во пари, а дел во хартии од вредност за замена наместо плаќање на дел од сумата во пари (*комбинирана понуда*);
- да понуди алтернативна исплата со хартии од вредност за замена или плаќање на целата сума во пари, така што право на избор ќе имаат сопствениците на хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп (*алтернативна понуда*).

Цената, односно односот на замена на хартиите од вредност за замена, која ќе ја определи понудувачот во понудата за откуп, е еднаква за сите хартии од вредност од определен род кои се предмет на понудата за откуп.

**г. Тек на постапката за преземање на акционерско друштво;**

Јавната понуда за откуп (понудата за откуп односно понудата за преземање) ја дава банка или брокерска куќа, членки на берза, во име и за сметка на понудувачот. Купопродажните трансакции на хартиите од вредност врз основа на понудата за откуп не се вршат преку берза.

***Известување за намерата за преземање.*** Постапката за преземање на акционерско друштво започнува со акт на понудувачот

- известување за намерата за преземање. Имено, понудувачот пред објавувањето на понудата за откуп за својата намера за преземање истовремено ги известува Комисијата, органот на управување на акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп и Комисијата за заштита на конкуренцијата. Исто така, обврска на понудувачот е намерата да ја објави во рок од еден работен ден по известувањето. Во случај кога понудувачот стекнал хартии од вредност кои му обезбедуваат право на глас во акционерското друштво од најмалку 25%, обврската за известување настанува веднаш по исполнувањето на претходно наведениот услов.

### *Известување за отпочнати преговори*

Органот на управување на акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп е должен во рок од два работни дена по приемот на известувањето за намерата да ја извести Комисијата доколку веќе постојат определени преговори со понудувачот како и да го објави известувањето за намерата.

### *Склучување на договор со депозитар за хартии од вредност*

Понудувачот, пред да поднесе барање за давање дозвола за понуда за откуп до Комисијата за хартии од вредност, склучува договор за вршење услуги во текот на постапката за преземање со депозитар на хартии од вредност. Со овој договор депозитарот се обврзува да ги изврши сите уписи на забрани за располагање со хартиите од вредност и уписи на преносот на хартиите од вредност, како и сите исплати кои треба да се извршат во текот на постапката за преземање.

### *Депонирање на паричен износ или на банкарска гаранција*

Пред објавување на понудата за откуп, понудувачот на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност го депонира паричниот износ потребен за плаќање на сите хартии од вредност кои се предмет на понудата за откуп.

Во случај на комбинирана понуда понудувачот, пред објавувањето на понудата за откуп, депонира кај Централниот депозитар за хартии од вредност паричен износ потребен за плаќање на оној дел од цената кој се исплаќа во пари.

Во случај на алтернативна понуда понудувачот, мора пред објавувањето на понудата за откуп кај Централниот депозитар за хартии од вредност да депонира паричен износ потребен за плаќање на сите хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп, во

случај сите иматели на хартии од вредност да изберат исплаќање на цената во пари.

Исто така, понудувачот може, наместо депонирањето на парични средства како во претходно наведените случаи, на Централниот депозитар за хартии од вредност да му предаде банкарска гаранција од банка со седиште во Република Македонија или банка од држава членка на OECD, со која банката неотповикливо се обврзува дека на прв повик на Централниот депозитар за хартии од вредност без приговор на посебната сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност ќе го исплати износот потребен за исполнување на обврските на плаќање кон сопствениците на хартии од вредност кои ја прифатиле понудата за откуп, со рок на важење најмалку 30 дена по истекот на рокот за плаќање, утврден со понудата за откуп.

### *Дозвола за давање понуда за откуп*

Понудата за откуп се дава врз основа на претходна дозвола од Комисијата за хартии од вредност, а по поднесено барање за давање дозвола за понуда за откуп. Барањето заедно со понудата за откуп, проспектот, извадокот од проспектот, како и друга документација пропишана со Законот за презмање на акционерски друштва и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, се доставуваат до Комисијата за хартии од вредност во рок од 30 дена по известувањето за намерата.

Комисијата за хартии од вредност, по барањето за давање дозвола за понуда за откуп одлучува во рок од 10 работни дена од приемот на потполно барање, односно во рок од 25 работни дена доколку се работи за понуда за откуп со хартии од вредност за замена. Доколку барањето за давање дозвола за понуда за откуп е непотполно во истиот тој рок, Комисијата за хартии од вредност може да побара дополнување на непотполното барање.

Комисијата за хартии од вредност издава дозвола за давање понуда за откуп откако ќе утврди дека:

- проспектот за откуп е изготвен во согласност со закон;
- понудата е дадена во согласност со закон;
- понудувачот депонирал средства или обезбедил банкарска гаранција во согласност со закон;
- хартиите од вредност за замена ги резервирал на начин определен во законот доколку понудувачот во понудата за откуп нуди хартии од вредност за замена;
- хартиите од вредност за замена ги исполнуваат условите определени со закон;
- понудувачот склучил договор со Централниот депозитар за хартии од вредност и

- понудувачот добил соодветна дозвола, одобрение, односно согласност од надлежен орган.

***Понуда за откуп, проспект и извадок од проспектот***

***Јавна понуда за откуп на хартии од вредност (понуда за откуп)*** е писмен предлог од страна на понудувачот за склучување на договор за купопродажба на хартии од вредност издадени од определено акционерско друштво, упатен до сите иматели на тие хартии од вредност.

Понудата за откуп ги содржи најмалку следните елементи:

- хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп;
- јасна и недвосмислена изјава дека понудата се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од акционерското друштво кое е предмет на понудата за откуп, како и дека понудувачот се обврзува да ја купи секоја акција со право на глас, во согласност со пропишаните и објавените услови;
- цената по која понудувачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност;
- рокот за плаќање на хартиите од вредност и
- датумот на отпочнување и датумот на завршување на рокот за прифаќање на понудата за откуп од страна на сопствениците на хартиите од вредност .

Кога понудувачот со понудата за откуп нуди хартии од вредност за замена, понудата за откуп покрај наведените елементи треба да содржи и точно определен однос за замена за хартиите од вредност за замена, нивниот род, како и последната пазарна цена пред објавувањето на понудата за откуп, доколку како хартии од вредност кои се нудат за замена се веќе издадени акции, односно обврзници кои котираат на официјалните пазари на берзата или акции на странски претпријатија кои котираат на берза, која е поврзана со берзите на Република Македонија.

Како последна пазарна цена во случај кога како хартии од вредност за замена се нудат акции или обврзници кои понудувачот првпат ќе ги издаде заради преземање, се наведува последната пазарна цена на веќе издадените хартии од вредност на понудувачот, со кои тие хартии од вредност за замена прават ист род или се наведува дека се тие хартии од вредност со кои воопшто не се тргувало.

Во случаите кога за понудата за откуп покрај дозвола од Комисијата за хартии од вредност, е потребна дозвола, одобрение или согласност од друг надлежен орган, понудата за откуп задолжително содржи и одредба со која изјавата за прифаќање на понудата за откуп

не произведува правни последици, доколку надлежниот орган не издаде дозвола, одобрение односно согласност.

Ако понудувачот во понудата за откуп понуди хартии од вредност за замена - акции или обврзници кои понудувачот првпат ќе ги издаде заради преземање, а надлежниот орган на понудувачот сѐ уште не донел одлука за зголемување на основната главнина, потребна за издавање на тие акции, односно за издавање на обврзници, понудата за откуп која задолжително содржи и одредба за отповикување на изјавата за прифаќање на понудата за откуп, престанува да важи, доколку надлежниот орган во рок од 35 дена по истекот на рокот за прифаќање на понудата не донесе одлука за зголемување на основната главнина, односно за издавање на обврзници.

Во понудата за откуп може да се определи и процент на успешност на понудата, односно најмалата количина на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп, која треба да се прифати, за понудата за откуп да се смета за успешна.

Понудата за откуп за која Комисијата и претходно издала дозвола, понудувачот е должен да ја објави веднаш по приемот на дозволата од Комисијата, но не подоцна од еден работен ден. Понудата за откуп се објавува и на веб страницата на берзата.

***Проспектот за откуп***

Проспектот за откуп е документ кој содржи голем број на податоци кои имаат за цел да му помогнат на сопственикот на хартии од вредност да донесе правилна и информирана инвестициска одлука во врска со прифаќањето или неприфаќањето на понудата за откуп. Проспектот за откуп особено ги содржи следните податоци:

- податоци за понудувачот;
- податоци за акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп;
- податоци за друштвата кои во врска со понудата за откуп дејствуваат во свое име и за сметка на понудувачот;
- податоци за поврзаните друштва на понудувачот;
- цена по која се откупуваат хартиите од вредност, како и врз основа на што е определена таа цена;
- податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп;
- доколку понудувачот определи најмала количина на хартиите од вредност со право на глас која мора да биде продадена за понудата за откуп да биде успешна;
- податоци за бројот и видот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата кои понудувачот ги стекнал пред

објавувањето на понудата за откуп;
- податоци за рокот и начинот на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена понудата за откуп;
- услови под кои понудувачот може да ја повлече понудата за откуп;
- рок за прифаќање на понудата и
- целта на понудата за откуп, како и планираниот начин на управување со акционерското друштво од страна на понудувачот, а особено политиката на вработување, преструктуирање на акционерското друштво, промена на статусот на акционерското друштвото и распределбата на добивката на акционерското друштво.

Во случај кога понудувачот во понудата за откуп нуди хартии од вредност за замена, проспектот за откуп содржи и:

- податоци за издавачот на хартиите од вредност кои се нудат за замена;
- последна пазарна цена на хартиите од вредност за замена пред објавувањето на проспектот за откуп, како и нивната книговодствена вредност;
- права и обврски кои произлегуваат од хартиите од вредност за замена;
- податоци од проспектот за котација на берзата и
- доколку понудените хартии од вредност за замена сè уште не се издадени се наведува и постапката за издавање на нови хартии од вредност.

Проспектот за откуп, понудувачот односно брокерската куќа или банка која во име и за сметка на понудувачот ја дава понудата за откуп го испраќа на органот на управување на акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп, на Комисија за заштита на конкуренцијата, на берзата и на Централниот депозитар за хартии од вредност.

Органот на управување на друштвото е должен да ги запознае вработените во друштвото со содржината на проспектот за откуп, во согласност со закон.

Проспектот за откуп исто така, се испраќа и на сите овластени учесници на пазарот на долгорочни хартии од вредност со седиште во Република Македонија, кои пак мораат да обезбедат проспектот за откуп да им е на располагање бесплатно на увид на сите заинтересирани лица.

### *Извадок од проспектот*

Извадокот од проспектот е документ кој претставува скратена форма на проспектот за откуп. Истиот, заедно со понудата за откуп

за која Комисијата претходно издала дозвола, понудувачот е должен да ги објави веднаш по приемот на дозволата од Комисијата, но не подоцна од еден работен ден.

***Рок за прифаќање на понудата за откуп***

Од денот на првото објавување на понудата за откуп и извадокот од проспектот започнува да тече *рокот за прифаќање на понудата за откуп*, при што истиот не може да биде пократок од 15 дена и не подолг од 45 дена од денот на првото објавување на извадокот од проспектот и понудата за откуп.

***Образложено мислење на органот на управување на акционерското друштво чии хартии од вредност се предмет на понудата за откуп***

Органот на управување на акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп е должен да го објави своето образложено мислење во врска со понудата за откуп, во рок од седум работни дена по објавувањето на извадокот од проспектот за откуп и понудата за откуп.

Мислењето задолжително содржи:

- податоци за постоење на преговори во врска со понудата за откуп меѓу понудувачот и органот на управување на друштвото на кое се однесува понудата;
- податоци за постоење на преговори во врска со понудата за откуп меѓу понудувачот и органот на управување на акционерското друштво на кое се однесува понудата во врска со начинот на остварување на правото на глас од хартиите од вредност кои се веќе во сопственост на понудувачот;
- став на управниот одбор за влијанието од спроведувањето на понудата врз интересите на акционерското друштво, а посебно врз вработените, како и за стратешките планови на понудувачот за акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп;
- дали членовите на органот на управување на акционерското друштво на кое се однесува понудата кои се иматели на хартиите од вредност-предмет на понудата планираат да ја прифатат, односно да ја отфрлат понудата за откуп и да приложат свое образложение, односно да понудат своја оставка и
- образложени податоци за последниот ревидиран извештај на акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп, со наведување на книговодствената вредност на хартиите од вредност на кои се однесува понудата.

Исто така, обврска на органот на управување на акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп е веднаш по објавувањето на своето образложено мислење, да ги извести вработените во друштвото во врска со понудата за откуп.

***Прифаќање на понудата за откуп од страна на имателите чии хартии од вредност се предмет на понудата за откуп***

Понудата за откуп се прифаќа со писмена изјава за прифаќање на понудата од страна на имателите на хартии од вредност. Притоа, писмена изјава може да даде секој имател и за сите хартии од вредност кои се во негова сопственост, а кои се предмет на понудата за откуп. Писмената изјава за прифаќање на понудата се испраќа на банката или брокерската куќа која во име и за сметка на понудувачот ја дава понудата за откуп, при што имателите на хартии од вредност ги резервираат хартиите од вредност на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност и не можат повеќе да располагаат со нив.

Понудата за откуп се смета за прифатена со денот на резервирање на хартиите од вредност на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Врз основа на резервирањето на хартиите од вредност Централниот депозитар за хартии од вредност обезбедува имателот кој ја прифатил понудата да не може повеќе да располага со тие хартии од вредност.

Право да отстапат од дадената изјава за прифаќање на понудата за откуп, акционерите имаат во следните случаи: во случај на промена на понудата за откуп и во случај на конкурентска понуда за откуп.

***Исход на понудата за откуп.*** Најдоцна до третиот работен ден по истекот на рокот за прифаќање на понудата, понудувачот објавува колку иматели ја прифатиле понудата за откуп, со наведување на количината на хартиите од вредност на кои се однесувала понудата за откуп, при тоа наведувајќи дали понудата за откуп успеала.

Известувањето за исходот на понудата за откуп, понудувачот го доставува до Комисијата за хартии од вредност, Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и на Централниот депозитар за хартии од вредност, најдоцна третиот работен ден по истекот на рокот за прифаќање на понудата.

***Утврдување на успешноста на понудата за откуп***

Врз основа на известувањето за исходот на понудата за откуп, Комисијата за хартии од вредност, најдоцна во рок од три работни

дена по приемот на известувањето со решение ја утврдува успешноста на понудата за откуп.

Решението со кое понудата за откуп се утврдува за успешна односно неуспешна се доставува до акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп, на Централниот депозитар за хартии од вредност и на берзата. Ова решение, понудувачот е должен да го објави на начин како што е објавена понудата за откуп.

### 2. Промена на понудата за откуп

Понудувачот веќе објавената понуда за откуп може да ја промени само ако понуди повисока цена односно поповолен однос за замена. Законот не дозволува други случаи на промена на понудата за откуп или на условите за понуда за откуп. Понудувачот, промената може да ја направи и истата да ја објави најдоцна седум работни дена пред истекот на рокот за прифаќање на понудата за откуп. Пред објавувањето на променетата понуда за откуп, понудувачот ги известува Комисијата за хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност. Доколку понудувачот понуди повисока цена, тој е должен во претходно наведениот рок дополнително да депонира парични средства кај Централниот депозитар за хартии од вредност во висина на разликата помеѓу променетата и претходната цена.

Ако понудувачот во текот на траењето на понудата за откуп ја измени понудата за откуп така што ќе понуди повисока цена, рокот за прифаќање на понудата за откуп се продолжува за седум дена.

### 3. Повлекување на понудата

Од објавувањето на проспектот за откуп до истекот на рокот за прифаќање на понудата, понудувачот може доколку тоа е предвидено во проспектот за откуп, да ја повлече понудата за откуп, односно да отстапи од преговорите за прифаќањето на таа понуда, доколку друго лице даде конкурентска понуда или ако настапат околности кои го отежнуваат исполнувањето на обврските на понудувачот во толкава мера што купувањето на хартии од вредност веќе не одговара на очекувањата на понудувачот, така што би било неправедно преговорите во таа смисла да останат во сила.

Понудувачот во рок од 1 ден го објавува повлекувањето на понудата за откуп, а за истото ги известува Комисијата и Централниот депозитар за хартии од вредност. Повлекувањето на понудата за откуп започнува да важи од денот на објавувањето.

## 4. Конкурентска понуда за откуп

По објавувањето на проспектот за откуп, но најдоцна десет дена пред истекот на рокот за прифаќање на понудата на определени хартии од вредност, понуда за откуп на тие исти хартии од вредност може да даде и друго лице кое не е капиталски, односно управувачки поврзано со лицето кое ја дало претходната понуда за откуп и не е банка или брокерска куќа која дава понуда во име и за сметка на понудувачот.

Во случај на конкурентска понуда за откуп, рокот за прифаќање на претходната понуда за откуп се продолжува до истекот на рокот за прифаќање на конкурентската понуда, освен ако понудувачот не ја отповикал претходната понуда за откуп.

Во случај на конкурентска понуда за откуп, лицата кои веќе ја прифатиле претходната понуда за откуп имаат право да отстапат од веќе дадената писмена изјава и да ја прифатат конкурентската понуда за откуп.

Доколку во претходната понуда за откуп е определена најмалата количина на хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп за да се смета дека понудата успеала, во конкурентската понуда не смее да биде определена помала количина на хартии од вредност од онаа количина на хартии од вредност определена во претходната понуда за откуп. Доколку конкурентска понуда за откуп се даде во моментот кога во претходната понуда за откуп најмалата количина на претходно дадената понуда веќе била надмината, конкурентската понуда не смее да го содржи тој услов.

Комисијата може да одбие издавање дозвола за конкурентска понуда за откуп ако утврди дека се работи за понуда за откуп чија единствена намена е промена на цената на хартиите од вредност на кои се однесува првичната понуда за откуп.

## 5. Принудна продажба и принудно купување

Со цел поголема заштита на малцинските акционери, од една страна  и на понудувачот од друга страна, во Законот за преземање на акционерски друштва се воведени механизмите на принудна продажба и принуден откуп, кои може да се применат по завршувањето на постапката за преземање на акционерското друштво.

### *Принудна продажба*

Принудната продажба е право кое му припаѓа на понудувачот, согласно кое доколку понудувачот во постапката за преземање

откупи најмалку 95% од акциите со право на глас на друштвото на кое се однесува понудата за откуп, тој има право да ги купи и акциите од останатите акционери што не ја прифатиле понудата за откуп. Ова дополнително купување мора да биде извршено според истите услови кои се однесувале на понудата за откуп, односно на нејзината последна корекција.

Доколку понудувачот го искористи ова право е должен да поднесе до Централниот депозитар за хартии од вредност барање за принудна продажба на акциите на акционерите кои не ја прифатиле понудата со наведување на условите за купување на акциите кои се идентични со оние во јавната понуда, како и да изврши уплата на паричниот износ потребен за откуп на овие акции на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност. Во барањето за принудна продажба, како една од алтернативите за плаќање на акциите мора да биде понудено плаќање во готово, без оглед на начинот на плаќање што се употребувал во понудата за откуп.

Понудувачот може да поднесе барање за принудна продажба во рок не подолг од 90 дена од денот на објавувањето на решението на Комисијата за успешност на понудата за откуп објавено во Службен весник на Република Македонија. Ова барање понудувачот е должен да го објави во Службен весник на Република Македонија и најмалку во еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија.

Централниот депозитар за хартии од вредност ги известува сите акционери за поднесеното барање за принудна продажба и ги повикува сите акционери да достават податоци за сметка во банка на која ќе им се изврши уплата за продадените акции врз основа на принудната продажба.

Трошоците за реализација на принудната продажба паѓаат на товар на понудувачот.

***Принудно купување***

Принудното купување е право кое им припаѓа на акционерите, а претставува обврска за понудувачот. Согласно овој механизам доколку понудувачот во постапката за преземање стекнал најмалку 95% од акциите со право на глас на друштвото на кое се однесува понудата за преземање, тој има обврска да ги купи и акциите на останатите акционери што не ја прифатиле понудата за преземање, доколку овие акционери поднесат барање за принудно купување до Централниот депозитар за хартии од вредност. Ова дополнително купување мора да биде извршено според истите услови кои се однесувале на понудата за откуп, односно на нејзината последна корекција.

Барањето за принудно купување на акциите, акционерите го поднесуваат до Централниот депозитар за хартии од вредност во рок не подолг од 90 дена од денот на објавувањето на решението на Комисијата за успешност на понудата за откуп во Службен весник на Република Македонија. При поднесувањето на ова барање, акционерите кои не ја прифатиле понудата за откуп поднесуваат писмена изјава за прифаќање на понудата.

Понудувачот кој се стекнал со најмалку 95% од акциите со право на глас на друштвото на кое се однесува постапката за откуп е должен, по завршувањето на постапката за преземање, во Централниот депозитар за хартии од вредност да го депонира паричниот износ потребен за откуп на преостанатите акции со право на глас и да не го подигнува овој износ до истекот на рокот или да обезбеди банкарска гаранција од банка со седиште во Република Македонија или банка од држава членка на OECD.

Трошоците за реализација на принудното купување паѓаат на товар на понудувачот.

### 6. Ограничување на дејствата на органот на управување на акционерското друштво

По приемот на известувањето за намерата за преземање до објавувањето на исходот на понудата за откуп, органот на управување на акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп не може без одлука на собрание на акционери (донесена со мнозинство од најмалку три четвртини од гласовите кои ја претставуваат основната главнина на друштвото во моментот на донесувањето на одлуката) да:

- ја зголеми основната главнина;
- презема дејства кои не спаѓаат во редовното работење на друштвото;
- презема дејства кои би можеле да го загрозат натамошното работење на друштвото;
- се стекне со сопствени акции или други сопствени хартии од вредност од кои произлегува право на замена или стекнување сопствени акции и
- изврши дејства чија единствена цел е да се спречи или отежни постапката и прифаќањето на понудата за откуп.

### 7. Забранети дејства

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност е должен да одбие барање за било какво дејствие со хартии од вредност ако знае или би морал да знае дека поради извршување на барањето

може да дојде до кршење на Законот за преземање на акционерските друштва.

Акциите стекнати со правна работа спротивна на одредбите на Законот за преземање на акционерските друштва не носат право на глас, ниту право на дивиденда.

## 8. Задолжителни известувања

### а. Известувања на Комисијата

Овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, како и Централниот депозитар за хартии од вредност, за времетраењето на понудата за откуп во рокот за прифаќање на понудата, на барање на Комисијата ги доставуваат сите информации кои им се на располагање и кои се потребни за надзор над извршување на понудата за откуп и за исполнување на обврските за известување од Законот за преземање на акционерските друштва.

Од денот на известувањето за намерата за преземање до истекот на рокот за прифаќање на понудата, понудувачот постојано ја известува Комисијата за секое стекнување со хартии од вредност кои обезбедуваат право на глас или од кои произлегува право на замена или стекнување со хартии од вредност, кои на издавачот на хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп му обезбедуваат право на глас, како и за цената по која ги добил тие хартии од вредност, освен ако хартиите од вредност понудувачот ги добил врз основа на понуда за откуп.

Лицата кои на денот на објавување на понудата за откуп имаат во сопственост над 10% хартии од вредност кои обезбедуваат право на глас или од кои произлегува право на замена или стекнување хартии од вредност кои му обезбедуваат право на глас  на издавачот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп, односно кои подоцна ќе добијат такво учество во тие хартии од вредност, за тоа ја известуваат Комисијата во рок од три дена по објавувањето, односно добивањето на тие хартии од вредност и мораат тековно да ја известуваат Комисијата за секое натамошно стекнување со тие хартии од вредност, како и за цената по која ги добиле хартиите од вредност.

### б. Објави

Кога лицето, посредно или непосредно, ќе се стекне со 5% од сите хартии од вредност на издавачот кои обезбедуваат право на глас, како и за секои наредни 5% од хартиите од вредност (квалификувано учество), за тоа мора веднаш да ги извести издавачот на хартии од вредност и Комисијата, најдоцна во рок од три работни дена од денот кога дознало или морало да дознае дека е сопственик на

квалификувано учество. Издавачот, кој го примил известувањето треба веднаш да го објави.

Ако лицето кое е сопственик на квалификувано учество не го извести издавачот и Комисијата за истото, за акциите кои го надминуваат квалификуваното учество нема право на глас, односно на учество во управувањето на друштвото.

Акционерското друштво со посебни обврски за известување е должно веднаш јавно да ги објави деловните настани кои се однесуваат на тоа друштво или неговите хартии од вредност, кои би можеле значително да влијаат врз цената на хартиите од вредност. За деловните настани кои би можеле значително да влијаат врз цената на хартиите од вредност, друштвото е должно да ја извести и Комисијата за хартии од вредност.

Настани поврзани со друштвото или неговите хартии од вредност што би можеле да имаат значително влијание на цената на хартиите од вредност на тоа друштво се:

- свикување на Собрание на акционери;
- одржување на Собрание на акционери;
- зголемување на основната главнина на акционерското друштво;
- намалување на основната главнина на акционерското друштво;
- значајни промени во структурата на изворите на финансирање на акционерското друштво;
- промена на условите под кои се издадени должничките хартии од вредност;
- неможност да се исполнат обврските по основ на издадени должнички хартии од вредност;
- значајни промени во структурата на средствата на друштвото;
- значајни инвестиции и дезинвестиции;
- значајни договори што ги склучило друштвото, а кои имаат влијание врз редовното работење на акционерското друштво;
- значајни промени во структурата на акционерскиот капитал;
- промени во Управниот одбор или Одборот на директори;
- промени во одборот за супервизија;
- промени во дејноста на работењето;
- значајни судски постапки, правни и административни процедури (отпочнати, донесени одлуки на различни нивоа, донесени конечни одлуки).

Покрај наведените деловни настани, акционерското друштво е должно да ја информира јавноста за други настани поврзани со неговото работење што би можеле да имаат значајно влијание на цената на хартиите од вредност или на способноста на друштвото да ги исполнува обврските кои произлегуваат од хартиите од вредност.

Берзата за долгорочни хартии од вредност може да предвиди котираното друштво да објавува и други информации, доколку утврди дека тие би биле неопходни за да бидат инвеститорите соодветно информирани. Берзата исто така може да бара од котираното друштво да потврди односно одрекне одредени информации што ги добила од неофицијални извори, а кои се поврзани со работењето на друштвото или со неговите хартии од вредност, и кои не произлегуваат од податоците што друштвото ги доставило до Берзата, но кои имале или би можеле да имаат значајно влијание на цената на хартиите од вредност.

## 9. Контрола на спроведувањето на понудата за откуп

Контрола при спроведувањето на понудата за откуп врши Комисијата за хартии од вредност. Ако Комисијата утврди неправилности при спроведувањето на понудата за откуп кои можат да се отстранат, му наложува со решение на понудувачот, банката, брокерска куќа или друштвото да ги отстрани истите. Доколку понудувачот не постапува согласно мерките кои ги изрекла Комисијата во решението за отстранување на неправилности, односно доколку се работи за неправилности кои не можат да се отстранат, Комисијата може со решение да ја запре постапката на понудата за откуп.

**Прилози:**

- Подзаконски акти произлезени од Законот за преземање на акционерски друштва;
- Примери од праксата;
- Контакт информации.

## ПРИЛОГ 1: Правилници кои произлегуваат од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РМ бр. 4/2002, 37/2002 и 36/2007 година)

- Правилник за формата и содржината на полномошното за гласање за поединечни работи на седница на собранието на акционери во акционерското друштво;
- Правилник за документацијата што се поднесува кон барањето за издавање дозвола за понуда за откуп;
- Правилник за начинот на вршење контрола на работењето на акционерските друштва и на учесниците на пазарот на капитал во делот на применување на Законот за преземање на акционерски друштва;
- Правилник за утврдување на критериумите за поврзани лица;
- Правилник за содржината на извадокот од проспектот за откуп на хартии од вредност;
- Правилник за содржината на проспектот за откуп на хартии од вредност;
- Правилник за деталната содржина, начинот и роковите за објавување на известувања за деловни настани кои би можеле да имаат значително влијание на цената на хартиите од вредност.

Врз основа на член 62 став 2 на Законот за преземање на акционерските друштва (Службен весник на Република Македонија, бр. 4/02) Комисијата за хартии од вредност донесе на својата седница одржана на 03-04-2002 година

# ПРАВИЛНИК
## за формата и содржината на полномошното за гласање за поединечни работи на седница на собранието на акционери на акционерското друштво

### Член 1

(1) Овој Правилник се однесува на акционерските друштва во Република Македонија што подлежат на одредбите на Законот за преземање на акционерските друштва.

(2) Со овој Правилник се утврдува формата и содржината на полномошното за гласање за поединечни работи на седница на собранието на акционери на акционерското друштво, изготвено согласно Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник

### Член 2

Полномошното од член 1 на овој Правилник е составено од два дела, и тоа:

- Општ дел, каде се наведуваат општите податоци за акционерот кој го дава полномошното и општите податоци за овластеното лице односно ополномоштеното лице (лицето на кое му се дава полномошното) и
- Посебен дел, каде се наведуваат предлог-одлуките по поодделните точки од дневниот ред со предлози за гласање што ги дава акционерот на овластеното лице. Во овој дел акционерот кој го дава полномошното дава предлози за гласање и за против-предлозите (доколку има такви) за одредени точки на дневниот ред.

### Член 3

Во зависност од предметите што стојат како точки на дневниот ред, полномошното за гласање на акционерското собрание може да содржи и дополнителни елементи за прашања кои се поврзани со ова полномошно.

### Член 4

Овој Правилник стапува на сила на осмиот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".

***ПРИЛОГ 1***

*ОПШТ ДЕЛ*

ПОЛНОМОШНО

За гласање на Собрание на акционери на ________________________

Свикано на: датум _________________________________
место ___________________________________________________
час _____________________________________________________

Со следниот дневен ред:

1. ____________________________________________________________

2. ____________________________________________________________

Јас, долупотпишаниот (целосно име и презиме на акционерот или назив и седиште на фирмата акционер) ________________________ ______________________, ЕМБГ/регистарски број _________________ _____________________________________ го овластувам ______________ ______________________________(целосно име и презиме и ЕМБГ на акционерот) да го употреби моето право на глас што произлегува од ___________ (број на акции) ___________ (ИСИН на акциите) на собранието на акционери на гореспоменатото друштво, на начин утврден со ова полномошно.

Ова полномошно важи само за гореспоменатата седница на собранието на акционери. Акционерот има право да го отповика ова полномошно во секој момент. Полномошното може да биде отповикано и доколку акционерот присуствува на седницата на собранието на акционери и гласа лично.

Собранието го свикал ___________________________________________

*ПОСЕБЕН ДЕЛ*

## ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ СО ПРЕДЛОЗИ ЗА ГЛАСАЊЕ

Предложена(и) одлука(и) за точка _______ од дневниот ред:

А. Гласање по предлог-одлука на лицето кое го свикало Собранието:

*Содржина на предлог-одлуката:* ________________________________

*Инструкции за гласање од акционерот до овластеното лице (лицето на кое му е дадено полномошното): Јас, акционерот му наложувам на овластеното лице да гласа за гореспоменатата предлог-одлука како што следи:*

*ЗА* *ПРОТИВ* *Потпис на акционерот*
*(да се заокружи)* ____________________________

*Предлог за гласање на овластеното лице:* доколку акционерот не даде инструкции за тоа како да гласам за гореспоменатата предлог-одлука јас, овластено лице, ќе гласам за предлог - одлуката како што следи __________ (ЗА, ПРОТИВ)

*Образложение за предлогот за гласање на овластеното лице:* __________
________________________________________________________________
________________________________________________________________

Б. Гласање за против-предлог соопштен на акционерот пред седницата на Собранието на акционери:

*Предлагач на против-предлогот:* ______________________________
____________________________________________________________

*Содржина на против-предлогот:* ______________________________
____________________________________________________________

*Инструкции од акционерот до овластеното лице за гласање за против-предлогот:* Јас, акционерот му наложувам на овластеното лице да гласа за гореспоменатиот против-предлог како што следи:

*ЗА* *ПРОТИВ* *Потпис на акционерот*
*(да се заокружи)* ____________________________

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за преземање на акционерските друштва ("Службен весник на РМ" бр. 04/2002 и 37/2002), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 11.07.2002 година го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## за документацијата што се поднесува кон барањето за издавање дозвола за понуда за откуп

### Член 1

Со овој правилник поблиску се определува документацијата што лицето кое дава јавна понуда за откуп на хартии од вредност (во натамошниот текст: понудувачот) ја поднесува до Комисијата за хартии од вредност кон барањето за издавање дозвола за понуда за откуп.

### Член 2

(1) Кон барањето за издавање дозвола за понуда за откуп задолжително се приложува:

1. Понуда за откуп;
2. Проспект за откуп;
3. Извадок од проспектот;
4. Копија од договорот (или друг акт) за соработка во врска со процедурата за давање јавна понуда за откуп, склучен помеѓу понудувачот и банката/брокерската куќа;
5. Статут на понудувачот (доколку понудувачот е правно лице);
6. Одлука за откуп на акции од надлежниот орган на понудувачот (доколку понудувачот е правно лице);
7. Потврда од Централниот депозитар за хартии од вредност за:
   - склучен договор помеѓу Централниот депозитар за хартии од вредност и понудувачот, согласно член 28 став 1 од Законот за преземање на акционерските друштва (во натамошниот текст: Законот);
   - депониран паричен износ односно банкарска гаранција, согласно член 29 од Законот;
   - резервирање на хартиите од вредност, во согласност со член 30 од Законот, доколку понудувачот во понудата за откуп понуди хартии од вредност за замена.

8. податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп што понудувачот ги стекнал во последните шест месеци пред поднесувањето на барањето за издавање дозвола за понуда за откуп. Податоците се прикажуваат согласно Прилогот ПРЕ- ХВ6, кој е составен дел на овој правилник;
9. податоци за сите хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп што понудувачот ги стекнал откако веќе стекнал 25% од хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп. Податоците се прикажуваат согласно Прилогот ПРЕ-ХВ25, кој е составен дел на овој правилник;

(2) Во случај од член 11 став 4 од Законот, кон барањето за издавање дозвола за понуда за откуп понудувачот приложува и доказ за поднесено барање за соодветна дозвола, одобрение, односно согласност од другиот надлежен орган, во согласност со член 23 став 4 од Законот.

(3) Доколку за целите на преземањето понудувачот издава нови хартии од вредност за замена, кон барањето за издавање дозвола за понуда за откуп понудувачот задолжително приложува и:

- копија од решението за упис во Трговскиот регистар;
- извештај од овластен ревизор за последните три години;
- акт за издавање на хартии од вредност, доколку таков е донесен од страна на надлежниот орган на понудувачот;
- информација за претходно издаваните хартии од вредност, со опис на содржината на правата од хартиите од вредност и номиналната вредност на кои гласат.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

## Прилог ПРЕ-ХВ 6

*Назив на фирмата / име и презиме на понудувачот*
*Седиште / адреса на понудувачот*

| Број на трансакцијата | Зголемување / Намалување | Хартии од вредност | Количина | Цена | Вкупна вредност на трансакцијата | Датум на трансак-цијата | Претходна состојба | Состојба по промена | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6= 4x5 | 7 | 8 | 9= 8+/-4 | 10 |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Датум:
Потпис:

## Прилог ПРЕ-ХВ 25

*Назив на фирмата / име и презиме на понудувачот*
*Седиште / адреса на понудувачот*

| Број на трансакцијата | Зголемување / Намалување | Хартии од вредност | Количина | Цена | Вкупна вредност на трансакцијата | Датум на трансакцијата | Претходна состојба | Состојба по промена | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6= 4x5 | 7 | 8 | 9= 8+/-4 | 10 |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Датум:
Потпис:

Врз основа на член 56, став 2 од Законот за презамање на акционерските друштва (“Службен весник на Република Македонија” број 4/2002 и 37/2002 ), Комисијата за хартии од вредност на својата седница одржана на 24-09-2002 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот на вршење контрола на работењето на акционерските друштва и на учесниците на пазарот на капитал при применување на Законот за преземање на акционерските друштва**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат условите, предметот и начинот на вршење контрола на работењето на акционерските друштва и на учесниците на пазарот на капитал при преземањето на акционерско душтво по пат на откуп на над 25% од акциите кои носат право на глас (во натамошниот текст: преземање) и мерките за отстранување на утврдените неправилности при контролата.

**Член 2**

Под неправилности во смисла на овој правилник се подразбираат состојбите и активностите на акционерските друштва и на учесниците на пазарот на капитал во делот на работењето кое е во врска со преземањето и кои можат да ја загрозат стабилноста и сигурноста на нивното работење и работењето на другите акционерски друштва, остварувањето и заштитата на правата на инвеститорите, односно стабилноста и сигурноста на пазарот на капитал во целина.

**Член 3**

Со контролата од член 1 на овој правилник, Комисијата за хартии од вредност особено ги проверува:

- законитоста во работењето;
- применувањето на одредбите од Законот за преземање на акционерските друштва;
- исполнување на условите за преземање;
- точноста на податоците во проспектот, јавната понуда за откуп на хартиите од вредност, известувањето за намерата за откуп на хартиите од вредност и на другите документи кои се во врска со преземањето;
- почитувањето на законски утврдените рокови кои се во врска со преземањето;
- правилноста на материјално-финансиското работење;
- заштита на правата на инвеститорите;

- капиталната и крвната, односно роднинската поврзаност на купувачите на хартиите од вредност при процесот на преземање;
- условите за плаќање и цената за откуп во понудата на хартиите од вредност;
- исполнување на обврските за  известување и објавување кои се однесуваат на намерата за преземање;
- начинот на давање на недвосмислена изјава за намерата за преземање;
- начинот на давање нова понуда за откуп на хартии од вредност, доколку понудувачот се откажал од претходната понуда;
- вистинитоста и потполноста на информациите во проспектот и во врска со прифаќањето на понудата;
- промените на цените и условите од понудата за откуп и известувањето во врска со тоа;
- начинот на депонирањето на средствата за откуп на хартиите од вредност;
- исполнување на обврските  за објавување кои се во врска со реализација на процесот на преземање;
- купувањето на хартиите од вредност кои се предмет на понудата за преземање во периодот од денот на известувањето од член 15 од Законот за преземање на акционерските друштва до истекот на рокот за прифаќање на понудата;
- начинот на постапката за прифаќање на понудата за откуп на хартиите од вредност;
- ограничувањата на дејствијата на органот на управување на акционерското друштво по прифаќањето на понудата за откуп;
- начинот на постапката  за повлекување на понудата за откуп;
- начинот на објавувањето и известувањето за исходот на понудата за откуп;
- ограничувањата со располагањето со хартиите од вредност резервирани за реализација на понудата за откуп;
- процесот на давање конкурентска понуда за откуп и утврдување на  намената на конкурентската понуда;
- начинот на исполнување на забранетите дејствија кои се во врска со понудата за откуп;
- начинот на спроведување на понудата за откуп;
- начинот на преземањето преку заеднички полномошник и валидноста на полномоштвата, согласно Правилникот за содржината на полномошното за гласање за поединечни работи за седница на собранието на акционерското друштво;

- исполнување на обврските за објавување и известување за промената на сопственост на акциите со кои некое лице се стекнало со 5% од сите хартии од вредност на издавачот.

**Член 4**

По потреба, Комисијата за хартии од вредност ги контролира и другите елементи на работењето на акционерските друштва и на учесниците на пазарот на капитал, а кои се однесуваат на преземањето.

**Член 5**

Комисијата за хартии од вредност врши континуирана посредна контрола преку анализа на прегледите и податоците кои акционерските друштва и учесниците на пазарот на капитал се должни да ги доставуваат до Комисијата согласно постојните прописи, како и документи, известувања и објави од други субјекти кои се поврзани и имаат интерес од работењето со хартиите од вредност.

**Член 6**

Според однапред подготвена програма и по потреба, Комисијата за хартии од вредност, со или без предходна најава, врши непосредна контрола со увид на лице место кај акционерските друштва, учесниците на пазарот на капитал и кај други субјекти поврзани со нивното работење и тоа:

- непосредна контрола со ограничен обем на одделни елементи од работењето кое е во врска со преземањето, и
- непосредна контрола на целокупното работење кое е во врска со преземањето.

**Член 7**

Контролата се врши врз основа на овластување за контрола на Комисијата за хартии од вредност, со кое се определуваат овластените лица за вршење на контролата.

**Член 8**

Акционерското друштво, учесникот на пазарот на капитал и другите субјекти поврзани со нивното работење кое е во врска со преземањето, должни се да обезбедат услови за непречено вршење на контролата од страна на овластените лица на Комисијата за хартии од вредност.

### Член 9

Овластените лица на Комисијата за хартии од вредност можат без ограничување да ги прегледуваат деловните книги и други документи на акционерското друштво, учесникот на пазарот на капитал и на другите субјекти поврзани со нивното работење кои се во врска со преземањето.

### Член 10

(1) За состојбите и активностите утврдени со контролата, овластените лица изготвуваат записник и го доставуваат до акционерското друштво, учесникот на пазарот на капитал и на другите субјекти поврзани со нивното работење кое е во врска со преземањето.

(2) Акционерското друштво, учесникот на пазарот на капитал и другите субјекти поврзани со нивното работење кое е во врска со преземањето имаат право на приговор на записникот во рок од три работни дена од денот на приемот на записникот.

### Член 11

(1) Доколку неправилностите утврдени со контролата се од помал обем и немаат поголемо влијание врз процесот на преземањето, Комисијата за хартии од вредност ќе донесе решение со кое ќе му наложи на акционерското друштво, учесникот на пазарот на капитал и на другите субјекти поврзани со нивното работење кое е во врска со преземањето, утврдените неправилности да ги отстрани во определен рок, кој не може да биде подолг од осум дена.

(2) Доколку неправилностите утврдени со контролата се посуштински и од поголем обем, Комисијата за хартии од вредност може да побара од акционерското друштво, учесникот на пазарот на капитал и другите субјекти поврзани со нивното работење кое е во врска со преземањето во рок не подолг од петнаесет дена да ги отстранат утврдените неправилности.

(3) Акционерското друштво, учесникот на пазарот на капитал и другите субјекти поврзани со нивното работење кое е во врска со преземањето е должно во определениот рок од став 1 и став 2 од овој член да ги отстрани неправилностите и да ја извести Комисијата за тоа, со приложување на докази дека недостатоците или неправилностите се отстранети или исправени.

## Член 12

Доколку акционерското друштво, учесникот на пазарот на капитал и другите субјекти поврзани со нивното работење кое е во врска со преземањето не ги отстрани неправилностите утврдени со контролата, Комисијата за хартии од вредност ќе продолжи да делува согласно надлежностите што ги има од Законот за преземање на акционерските друштва и другите позитивни законски прописи.

## Член 13

Во случај на утврдување на неправилности при работењето, трошоците за извршената контрола се на товар на акционерските друштвата, учесниците на пазарот на капитал и на другите субјекти поврзани со нивното работење кое е во врска со преземањето.

## Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Весник на Република Македонија”

Врз основа на член 4 став 5 од Законот за преземање на акционерските друштва ("Службен весник на РМ" бр. 04/02 и бр. 37/02), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 11.07. 2002 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за утврдување на критериумите за поврзани лица

### Член 1

Со овој Правилник поблиску се утврдуваат критериумите за поврзаните лица од член 4 став 2 алинеа 3 од Законот за преземање на акционерските друштва ("Службен весник на РМ" бр. 04/02 и бр. 37/02).

### Член 2

(1) Поврзани лица во смисла на овој Правилник, се две или повеќе правни или физички лица што се поврзани управувачки или капитално или се во крвно сродство, поради што тие заедно ја определуваат деловната политика и работат во координација еден со друг со намера да обезбедат комерцијални предности или се поврзани на начин што едно правно или физичко лице има значителен интерес во друго правно лице.

(2) Значителен интерес во смисла на став 1 од овој член е:

- директно или индиректно поседување на правно лице од страна на друго правно или физичко лице или преземање на 20% или повеќе од акциите со право на управување;
- можност едно или повеќе правни или физички лица значително да влијаат врз управувањето и донесувањето на деловната политика, финансиските и деловните одлуки на друго правно лице;
- можност резултатите од работењето на едно правно лице значително да влијаат врз работењето или резултатите од работењето на друго правно лице;

(3) Две и повеќе физички лица во смисла на овој Правилник се сметаат за поврзани доколку едното физичко лице е:

- потомок на лицето до втор степен;
- посвоител на лицето;
- посвоеник на лицето;
- брачен другар на лицето;
- родител на лицето;

- брат или сестра на лицето;
- лице кое живее/ло во трајна заедница со лицето (трајна заедница е онаа заедница која траела најмалку пет години, и тоа непрекинато од засновувањето на следниве односи: чуваник и хранител; посинок и паштерка и очув и маќеа; снаа и свекор и свекрва; зет, тест и тешта и други лица во крвно сродсво)

**Член 3**

(1) Покрај начините утврдени во член 2 од овој Правилник, две или повеќе правни или физички лица се сметаат за поврзани и кога:

- повеќе од 50% од директорите или претседателите, лицата со посебни права и одговорноси и членовите на органите на управување се исти во двете правни лица;
- две правни или физички лица заедно, сами или со други лица поврзани со нив остваруваат контрола во трето правно лице;
- две или повеќе правни лица се контролирани од едно или повеќе физички или правни лица, поединечно или заедно.

(2) Поврзани лица се и друштвата кои имаат под контрола други друштва и контролираните друштва кои согласно Законот за трговски друштва се дефинирани како друштва со значајно учество, мнозинско учество и заемно учество, како и зависно и владеачко друштво, и холдинг друштвата.

**Член 4**

(1) Индиректен имател на акции, имот или други права што му обезбедуваат учество во управувањето со капиталот е лице на чија сметка друго лице, како директен имател на акции ги стекнало споменатите акции, имот или други права што му обезбедуваат учество во менаџментот.

(2) Физичко лице се смета дека е индиректен сопственик на акции, имот или други права што му обезбедуваат учество во управувањето или други хартии од вредност, доколку директниот сопственик е личност поврзана со физичкото лице.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Врз основа на член 24 став 4 од Законот за преземање на акционерските друштва (“Службен весник на РМ” бр. 04/2002 и 37/2002), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 11.07. 2002 година го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**
**за содржината на извадокот од проспектот за откуп на хартии од вредност**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува содржината на извадокот од проспектот за откуп на хартии од вредност.

**Член 2**

Извадокот од проспектот за откуп на хартии од вредност (во натамошниот текст: извадок од проспект) задолжително содржи:

(1) Број и датум на Решението за издавање дозвола за понуда за откуп на хартии од вредност, издадено од Комисијата за хартии од вредност;
(2) Назив и седиште на издавачот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп;
(3) Назив и седиште, односно име, презиме и место на живеење на лицето што ја дава понудата за откуп;
(4) Назив и седиште на банката или брокерската куќа што во име и за сметка на понудувачот ја дава понудата за откуп;
(5) Хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп: број, вид и род;
(6) Цена по која понудувачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност и начинот на плаќање на хартиите од вредност;
(7) Рокот за прифаќање на понудата за откуп;
(8) Изјава дека понудата за откуп се прифаќа со писмена изјава за прифаќање на понудата од страна на имателите на хартии од вредност во рокот предвиден на прифаќање на понудата, при што јасно и недвосмислено ќе се дефинира начинот на кој имателите на акции ќе ги доставуваат писмените изјави за прифаќање на понудата до банката односно брокерската куќа од точката 4 на овој член;
(9) Изјава дека целосната содржина на проспектот е достапна бесплатно на сите заинтересирани лица кај сите овластени учесници на пазарот на долгорочни хартии од вредност во Република Македонија.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Врз основа на член 19 став 4 од Законот за преземање на акционерските друштва ("Службен весник на РМ" бр. 04/02 и 37/02), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 11.07. 2002 година го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК
## за содржината на проспектот за откуп на хартии од вредност

### Член 1

(1) Со овој правилник се пропишува деталната содржина на документот за понудата за откуп на хартии од вредност (во натамошниот текст: проспект за откуп).

(2) Проспектот за откуп на хартии од вредност издадени од еден издавач на хартии од вредност ги содржи податоците кои на сопствениците на тие хартии од вредност им се неопходни за да можат да донесат соодветна одлука во врска со прифаќањето или неприфаќањето на понудата за откуп.

### Член 2

Проспектот за откуп ги содржи следните податоци:

1. ***Детални информации во врска со понудата за откуп***

1.1. Информации за издавачот и за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп

1.1.1. фирма и седиште на издавачот на хартиите од вредност

1.1.2. хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп
- видот и родот
- бројот на хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп

1.2. Информации за понудувачот

1.2.1. име и презиме, адреса и место на живеење на понудувачот (за физичко лице), односно назив и седиште на понудувачот (за правно лице);

1.2.2. назив и седиште на банката или брокерската куќа што во име и за сметка на понудувачот ја дава понудата за откуп

1.3. Услови под кои се спроведува понудата

1.3.1. Цената на откупените хартии од вредност, односно односот на замена:

а) при исплата во пари: цената за единечна хартија од вредност, за секој вид хартии од вредност поединечно;

б) при понуда со хартии од вредност за замена:

- назив, седиште и други основни податоци за издавачот на хартиите од вредност што се нудат за замена;
- видот и родот на хартиите од вредност за замена;
- односот на замена (бројот на хартии од вредност за замена по поединечни видови што ќе се заменуваат за предметните хартии од вредност, за секој вид поединечно);
- последната пазарна цена на хартиите од вредност за замена пред објавувањето на проспектот за откуп (за секој вид поединечно);
- последната пресметана книговодствена вредност на хартиите од вредност за замена (за секоја вид поединечно);
- сите права и обврски што произлегуваат од хартиите од вредност за замена;

в) при комбинирана понуда:

- делот од цената што ќе се исплати во пари (цената за единечна хартија од вредност, за секој вид хартии од вредност поединечно);
- делот од цената што ќе се исплати со хартии од вредност за замена (сите елементи наведени во точката 1.3.1.б од овој член);

г) при алтернативна понуда:

- цената што се нуди да се исплати во пари (цената за единечна хартија од вредност, за секој вид хартии од вредност поединечно);
- хартиите од вредност за замена (сите елементи наведени во точката 1.3.1.б од овој член);

1.3.2. начинот на утврдувањето на цената по која ќе се откупуваат хартиите од вредност, односно односот на замена;

1.3.3. датумот на отпочнување и датумот на завршување на рокот за прифаќање на понудата за откуп;

1.3.4. доколку понудувачот определи, најмалата количина на хартиите од вредност со право на глас на кои се однесува понудата за откуп која треба да биде прифатена за да понудата за откуп се смета за успешна (за секој вид хартии од вредност поединечно);
1.3.5. трошоците што ќе им се наплатуваат на имателите на хартии од вредност што ќе ја прифатат понудата (доколку такви постојат);

1.4. Условни одредби - Прецизно дефинирање на сите условни одредби согласно член 11 ставови 4 и 5 од Законот за преземање на акционерските друштва, вклучувајќи го и датумот на кој треба да се донесе одлуката од страна на надлежниот орган на понудувачот за зголемување на основната главнина, односно за издавање на обврзници;

1.5. Постапката за прифаќање на понудата:

1.5.1. детален опис на процедурата за прифаќање на понудата согласно член 34 од Законот за преземање на акционерските друштва;
1.5.2. податоци за рокот и начинот на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена понудата за откуп;
1.5.3. детален опис на процедурата за исплата на парите по основ на прифаќање на понудата, односно издавање или предавање на хартиите од вредност за замена;

1.6. Услови за откажување на понудата

1.6.1. услови под кои понудувачот може да ја повлече понудата за откуп;
1.6.2. условите за откажување на прифаќањето на понудата од страна на сопственикот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп;

1.7. Други значајни информации во врска со понудата за откуп.

## 2. *Информации за издавачот на хартиите од вредност и за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп*

2.1. Основни податоци за издавачот на хартиите од вредност

- назив и седиште
- матичен број

2.2. Основни податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп:

2.2.1. вкупна номинална вредност и број на издадени хартии од вредност, по видови;
2.2.2. пазарот на кој се тргуваат овие хартии од вредност;
2.2.3. детални информации за тргувањето со хартиите од вредност по поединечни видови:
- графички приказ на дневната просечна цена на хартиите од вредност за последните шест месеци (датумот е на џ-оската, цената на ѕ-оската);
- графички приказ на дневниот обем на тргување со хартиите од вредност за последните шест месеци (датумот е на џ-оската, цената на ѕ-оската);

2.2.4. последната пресметана книговодствена вредност на хартиите од вредност, по видови;
2.2.5. исплатена дивиденда по акција за последните две години;

2.3. Финансиски податоци за издавачот на хартиите од вредност - биланс на состојба и биланс на успех за последните две години, изворот на билансните податоци и да се наведе дали истите се ревидирани.

### 3. *Детални информации во врска со понудувачот*

3.1. основни информации за понудувачот

3.1.1. име и презиме, адреса и место на живеење (доколку понудувачот е физичко лице), односно назив, седиште и матичен (доколку понудувачот е правно лице);
3.1.2. претежна дејност на понудувачот;
3.1.3. основна главнина според судската регистрација;
3.1.4. податоци за првите десет најголеми сопственици на акции со право на глас издадени од понудувачот, согласно следната табела:

| Име и презиме односно назив на акционерот | Број на акции, по класи | Процент од вкупниот број акции со право на глас |
|---|---|---|

3.1.5. податоци за членовите на надзорниот одбор, управниот одбор/одбор на директори на друштвото понудувач;

3.2. Податоци за лица и друштва поврзани со понудувачот, како и за друштва кои во врска со понудата за откуп дејствуваат во свое име и за сметка на понудувачот:

3.2.1. назив, седиште и матичен број;
3.2.2. начин на поврзаност со понудувачот;
3.2.3. претежна дејност;
3.2.4. членови на управниот одбор/одборот на директори на друштвото;

3.3. Информации за претходно стекнување на хартии од вредност

3.3.1. информации за бројот и видот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп со кои понудувачот се стекнал пред објавувањето на понудата за откуп (информациите се даваат согласно следната табела, при што поединечно по видови се наведуваат хартиите од вредност согласно член 4 став 2 од Законот за преземање на акционерските друштва):

| Вид на хартии од вредност | Број на хартии од вредност стекнати повеќе од шест месеци пред објавувањето на понудата за откуп | Број на хартии од вредност стекнати во последните шест месеци пред објавувањето на понудата за откуп | Вкупен број хартии од вредност |
|---|---|---|---|

3.3.2. информации за претходно стекнати хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп што ги стекнало друго лице во свое има и за сметка на понудувачот, согласно следната табела:

| Вид на хартии од вредност | Број на хартии од вредност стекнати повеќе од шест месеци пред објавувањето на понудата за откуп | Број на хартии од вредност стекнати во последните шест месеци пред објавувањето на понудата за откуп | Вкупен број хартии од вредност |
|---|---|---|---|

3.3.3. понатамошен откуп на хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп согласно член 31 од Законот за преземање на акционерските друштва;

3.4. основни финансиски податоци (биланс на состојба и биланс на успех) за последната финансиска година на понудувачот, со наведување на мислењето од ревизорот или да се наведе дека истите не се ревидирани;

3.5. опис на некои значајни контакти, трансакции или преговори од страна на понудувачот со издавачот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за откуп;

4. *Очекувани исходи на понудата за откуп*

4.1. цел на понудата за откуп;

4.2. деловната политика на друштвото по преземањето

4.2.1. планираниот начин на управување со акционерското друштво;
4.2.2. политика на преструктуирање на акционерското друштво;
4.2.3. политика на вработување;
4.2.4. распределба на добивката на акционерското друштво;
4.2.5. промени на статусот на друштвото;

**Член 3**

(1) Доколку понудувачот во понудата за откуп нуди хартии од вредност за замена од член 10 став 1 алинеа 1 од Законот за преземање на акционерските друштва, проспектот за откуп задолжително содржи и:

- проспект за котирање на хартиите од вредност на официјалните пазари на берзата, доколку истиот не е постар од две години;
- ревидиран годишен финансиски извештај за издавачот чии хартии од вредност се нудат за замена, доколку тие податоци не се веќе содржани во проспектот за котирање на хартиите од вредност;
- полугодишен финансиски извештај за издавачот чии хартии од вредност се нудат за замена доколку таков е изготвен од крајот на последната финансиска година.

(2) Доколку понудувачот во понудата за откуп нуди хартии од вредност за замена од член 10 став 1 алинеа 2 од Законот за преземање на акционерските друштва, проспектот за откуп задолжително содржи и информации согласно Правилникот за содржината на јавниот повик за запишување и купување хартии од вредност, по видови издавачи и по видови хартии од вредност (“Службен весник на РМ” бр. 16/01).

**Член 4**

(1) Проспектот задолжително ја содржи следната формулација: “Изјавувам(е) дека информациите наведени во проспектот се вистинити и  дека проспектот ги содржи сите податоци кои на сопствениците на хартиите од вредност им се неопходни за да можат да донесат соодветна одлука во врска со прифаќањето или неприфаќањето на понудата за кои знам/знаеме или треба да знам/знаеме.”

2) Секоја страна од проспектот ја потпишува органот на управување на понудувачот и со тоа истиот ја прифаќа одговорноста за вистинитоста на податоците наведени во проспектот.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Врз основа на член 66 став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва ("Службен весник на РМ" бр. 04/02 и 37/02), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 27-08-2002 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ДЕТАЛНАТА СОДРЖИНА, НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊАТА ЗА ДЕЛОВНИ НАСТАНИ КОИ БИ МОЖЕЛЕ ДА ИМААТ ЗНАЧИТЕЛНО ВЛИЈАНИЕ НА ЦЕНАТА НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ

### Член 1

Со овој Правилник поблиску се определува деталната содржина, начинот и роковите за објавување на известувањата за деловни настани кои би можеле да имаат значително влијание на цената на хартиите од вредност.

### Член 2

(1) Акционерското друштво, издавач на хартии од вредност во смисла на член 2 од Законот за преземање на акционерските друштва, е обврзано веднаш да го објави секој правен или деловен настан поврзан со друштвото или неговите хартии од вредност што би можел да има значително влијание на цената на хартиите од вредност на тоа друштво.

(2) Акционерското друштво од став 1 на овој член, е обврзано веднаш да ја информира Комисијата за хартии од вредност за деловните настани од став 1 на овој член и кога со акциите на друштвото се тргува на некој од официјалните пазари на Берзата за долгорочни хартии од вредност.

### Член 3

(1) Настани поврзани со друштвото или неговите хартии од вредност што би можеле да имаат значително влијание на цената на хартиите од вредност на тоа друштво се:

- свикување на Собрание на акционери;
- одржување на Собрание на акционери;
- зголемување на основната главнина на акционерското друштво;
- намалување на основната главнина на акционерското друштво;

- значајни промени во структурата на изворите на финансирање на акционерското друштво;
- промена на условите под кои се издадени должничките хартии од вредност;
- неможност да се исполнат обврските по основ на издадени должнички хартии од вредност;
- значајни промени во структурата на средствата на друштвото;
- значајни инвестиции и дезинвестиции;
- значајни договори што ги склучило друштвото, а кои имаат влијание врз редовното работење на акционерското друштво;
- значајни промени во структурата на акционерскиот капитал;
- промени во Управниот одбор или Одборот на директори;
- промени во одборот за супервизија;
- промени во дејноста на работењето;
- значајни судски постапки, правни и административни процедури (отпочнати, донесени одлуки на различни нивоа, донесени конечни одлуки).

(2) Покрај деловните настани наведени во став 1 на овој член, акционерското друштво е должно да ја информира јавноста за други настани поврзани со неговото работење што би можеле да имаат значајно влијание на цената на хартиите од вредност или на способноста на друштвото да ги исполнува обврските кои произлегуваат од хартиите од вредност.

**Член 4**

Покрај настаните наведени во член 3 од овој Правилник, Берзата за долгорочни хартии од вредност може да предвиди котираното друштво да објавува одредени дополнителни информации, доколку утврди дека тие би биле неопходни за да бидат инвеститорите соодветно информирани. Берзата исто така може да бара од котираното друштво да потврди односно одрекне одредени информации што ги добила од неофицијални извори, а кои се поврзани со работењето на друштвото или со неговите хартии од вредност, и кои не произлегуваат од податоците што друштвото ги доставило до Берзата, но кои имале или би можеле да имаат значајно влијание на цената на хартиита од вредност.

**Член 5**

(1) Објавата на важниот деловен настан задолжително ги содржи сите информации што им овозможуваат на инвеститорите

во хартиите од вредност да ја проценат позицијата на акционерското друштво и да го проценат влијанието што деловниот настан го има на цената на хартиите од вредност, а посебно следните информации:

- назив и седиште на друштвото;
- наслов на објавата;
- информација дека објавата се однесува на член 66 од Законот за преземање на акционерските друштва;
- времето кога се случил деловниот настан;
- прецизен опис на деловниот настан;
- во случај на свикување собрание на акционери, податоци за времето и местото на одржување на собранието, условите за учество и остварување на правото на глас и дневниот ред;
- во случај на веќе одржано собрание на акционери, информации за донесените одлуки и за најавените позначајни активности;
- во случај на донесена Одлука од собрание на акционери за распределба на добивката, податоци за износот на дивидендите, датумот на стекнување на правото на дивиденда и датумот на исплата на дивдендата;
- во случај на издавање хартии од вредност од нова емисија, прецизен опис на правата и обврските што произлегуваат од тие хартии од вредност.

(2) Во случај на свикување или одржување на годишно собрание на акционери, за точките од дневниот ред кои се однесуваат на усвојување на статутот или други општи акти на друштвото, наместо да се наведува содржината, доволно е да се наведе местото каде може да се добие текстот на тие акти.

**Член 6**

Друштвото е обврзано да го објави известувањето за важниот деловен настан веднаш откако се случил или во роковите за објавување на такви настани утврдени со други законски прописи во најмалку еден дневен весник што излегува на територијата на Република Македонија на македонски јазик и неговото кирилично писмо, како и на веб страната на Берзата за долгорочни хартии од вредност.

**Член 7**

Податоците за деловните настани што се објавуваат, друштвото е должно веднаш да ги достави до Комисијата за хартии од вредност и до Берзата, назначувајќи каде и кога се објавени.

**Член 8**

(1) Друштвото не смее да ги пренесува на трети лица информациите содржани во објавата пред нивното објавување.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, друштвото може, согласно член 6 од овој Правилник, да ги пренесе информациите содржани во објавата пред нивното објавување на овластените државни органи и на Берзата. Друштвото може да ги пренесе информациите и на лицата кои се ангажирани како советници во истото или на лицата со кои преговара или соработува во извршувањето на деловната трансакција. При тоа, друштвото мора да ги предупреди лицата на кои ќе им ја пренесе таквата информација дека истата не е објавена и од таа причина има карактер на внатрешна информација.

**Член 9**

Друштвото, кое заради котирање на странски пазар на капитал, е обврзано да објави информации за неговото работење надвор од границите на Република Македонија, мора истовремено да ја објави целосната содржина на тие информации и во Република Македонија.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

# ПРИЛОГ 2: ПРИМЕРИ ОД ПРАКСАТА

## ПРИМЕР 1: ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДРУШТВОТО АВ ОД СТРАНА НА ДРУШТВОТО CD

### ПОНУДУВАЧ:
**Друштво CD**

Друштвото CD е странско правно лице кое врши повеќе дејности, а во последните две години претежно работи на инвестирање и трговија. Основната главнина на Друштвото CD изнесува 50.000 УСД.

### АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО НА КОЕ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ОТКУП:
**Друштво АВ**

Друштвото АВ е акционерско друштво чија основна дејност е проектирање, производство и монтажа на челични конструкции, опрема, услуги и изведување на инвестициски работи во земјата и во странство. Друштвото има издадено вкупно 67.000 обични акции, со номинална вредност на една акција од 51,13 евра и вкупна номинална вредност од 207.702.511,00 денари односно 3.425.710,00 евра.

### ДЕЈСТВИЈА КОИ Ѝ ПРЕТХОДЕА НА ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ПРИМЕР

На ден 30.05.2006 година, Друштвото CD со трансакција реализирана на Македонската Берза АД Скопје се стекна со 14.600 обични акции на Друштвото АВ (21,79% од вкупниот број на акции на Друштвото АВ односно 24,48% од акциите со право на глас) по цена од 2450 денари по акција.

На ден 02.06.2006 година со трансакцијата реализирана на Македонската Берза АД Скопје Друштвото CD се стекна со 7.373 приоритетни акции на Друштвото АВ (11% од вкупниот број на акции на Друштвото) по цена од 1564 денари по акција. Овие акции Друштвото CD ги има откупено од државата односно од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија како приоритетни акции и истите согласно законските прописи, со откупот се трансформирани во обични акции.

Со реализацијата на овие трансакции Друштвото CD има стекнато вкупно 21.973 обични акции издадени од Друштвото AB (32,79 % од акциите со право на глас на Друштвото AB).
Друштвото CD се стекна со повеќе од 25% од акциите со право на глас издадени од Друштвото AB, меѓутоа, имајќи го предвид член 2 став 3 од Законот за преземање на акционерски друштва [1], во конкретниот случај за дополнително стекнатите акции Друштвото CD немало обврска да даде јавна понуда за откуп, од причина што на откупот на акции кои се во сопственост на државата не се применуваат одредбите на овој закон. Поради тоа за Друштвото CD не настана обврската за задолжително давање на понуда за откуп согласно Законот за преземање на акционерски друштва.

Меѓутоа, намерата на Друштвото CD беше да изврши преземање на Друштвтото AB заради што продолжи со преземање на дејствија, согласно Законот за преземање на акционерски друштва.

## ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

На 08.06.2006 година понудувачот, Друштвото CD до Комисијата за хартии од вредност достави известување за намера за преземање на Друштвото AB и истата на 09.06.2006 година ја објави во дневен весник.

На 12.06.2006 година, Органот на управување на Друштвото AB достави до Комисијата за хартии од вредност известување дека се отпочнати преговори со понудувачот и истото на 14.06.2006 година го објави во дневен весник.

На 03.07.2006 година Брокерската куќа XY во име и за сметка на понудувачот - Друштвото CD, до Комисијата за хартии од вредност поднесе барање за издавање дозвола за понуда за откуп на обични акции издадени од Друштвото AB, кое беше комплетирано на ден 21.07.2006 година.

На 03.07.2006 година Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје до Комисијата достави известување дека е доставена банкарска гаранција во износ од 110.316.150,00 денари, доволен за исполнување на паричната обврска кон сите иматели на хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп и дека е склучен

[1] Со измените на Законот за преземање од март 2007 година ставот 3 на членот 2 од Законот се избриша, како резултат на зокружувањето на процесот на приватизација во Република Македонија.

Договор со понудувачот за вршење услуги во постапката за преземање на акционерско друштво.

## ОДОБРУВАЊЕ НА ПОНУДАТА ЗА ОТКУП

На 27.07.2006 година Комисијата за хартии од вредност на понудувачот - Друштвото CD му издаде дозвола за понуда за откуп на обичните акции издадени од Друштвото АВ.
Понудувачот Друштвото CD на 01.08.2006 година во дневен весник ја објави понудата за откуп на обични акции и Извадокот од проспектот за откупот на обични акции издадени од Друштвото АВ, од кога започна да тече рокот за прифаќање на понудата за откуп.

## УСЛОВИ НА ПОНУДАТА ЗА ОТКУП

Понудата за откуп се однесува на 45.027 обични акции издадени од Друштвото АВ. Понудата за откуп во име и за сметка на понудувачот ја дава Брокерската куќа XY.
Понудувачот - Друштвото CD утврди најмала количина на акции со право на глас која треба да биде прифатена за понудата за откуп да се смета за успешна и која изнесува 12.500 обични акции издадени од Друштвото АВ, односно понудувачот утврди дека процентот на откупени хартии од вредност за понудата да се смета за успешна изнесува 27,76% од вкупниот број на обични акции на кои се однесува понудата за откуп.
Понудувачот понуди да ги откупи хартиите од вредност по цена од 2.450 денари по акција.
Рокот за прифаќање на понудата за откуп, беше утврден на 30 дена од денот на првото објавување на извадокот од проспектот и понудата за откуп во дневниот печат односно иститот траеше од 01.08.2006 до 30.08.2006 година.
Рокот за плаќање на сите хартии од вредност кои акционерите ќе прифатат да ги продадат беше утврден на 3 дена по добивањето на решението од Комисијата за хартии од вредност за успешност на понудата за откуп, согласно Договорот кој понудувачот го има склучено со Депозитарот.

На 05.08.2006 година, органот на управување на акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп - Друштвото АВ во дневен весник го објави своето образложено мислење.
На 11.08.2006 година, понудувачот во дневен весник објави дека условот за најмалата количина на обични акции издадени од

Друштвото АВ која треба да биде прифатена за понудата за откуп да се смета за успешна е исполнет.
На 30.08.2006 година, заврши рокот за прифаќање на понудата за откуп.

## ИСХОД НА ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

На 31.08.2006 година, понудувачот - Друштвото CD преку Брокерската куќа XY ја извести Комисијата за хартии од вредност дека понудата за откуп на обични акции издадени од Друштвото АВ е успешно реализирана.
Понудата за откуп на 45.027 обични акции ја прифатија 785 сопственици на обични акции кои доставиле изјави за вкупно 41.654 обични акции издадени од Друштвото АВ.
Јавноста за исходот на понудата за откуп од страна на понудувачот, е известена со објава во дневен весник од 01.09.2006 година.
Комисијата за хартии од вредност на ден 04.09.2006 година со Решение ја утврди успешноста на понудата на Друштвото CD за откуп на обичните акции издадени од Друштвото АВ.
Откако, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје врз основа на Решението на Комисијата за хартии од вредност за утврдување на успешност на понудата за откуп, им ги исплати акциите на акционерите на Друштвтото АВ, Друштвото CD и официјално стана сопственик на тие акции продадени во постапката за преземање на акционерското друштво.
Врз основа на понудата за преземање на Друштвото АВ, понудувачот - Друштвото CD се стекна со вкупно 41.654 обични акции, кои заедно со претходно поседуваните 21.973 обични акции издадени од Друштвото АВ му обезбедуваат учество од 63.627 обични акции што претставува 94,97% од акциите со право на глас издадени од Друштвото АВ.

## ПРИМЕР 2: ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДРУШТВОТО XY ОД СТРАНА НА ДРУШТВОТО Z

## ПОНУДУВАЧ:
**Друштво Z**

Друштвото Z е странско правно лице односно една од водечките банки во Европа, присутна и во неколку земји на Балканот, чија цел е согласно законите и прописите што се однесуваат на кредитни институции, да ги извршува со физички или правни лица, во земјата во која е основана или во странство:

- сите банкарски транскации;
- сите трансакции поврзани со банкарското работење, вклучувајќи особено инвестициски или сродни услуги наведени во членовите Л.321-1 и Л.321-2 од Монетарниот и финансиски законик;
- сите стекнувања на интереси во други компаниии.

Основната главнина на Друштвото Z изнесува 275.695.543 евра.

Во 2007 година, Друштвото Z одлучи кон својата балканска синергија да го додаде и Друштвото XY.

## АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО НА КОЕ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ОТКУП:
**Друштво XY**

Друштвото XY е акционерско друштво односно банка чија основна дејност е прибирање на депозити и нивно целосно пласирање во кредити и други инвестиции за нејзина сметка.
Акционерскиот капитал на Друштвото XY е поделен на 222.600 обични акции со поединечна номинална вредност од 4.340,00 денари.

## ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

На 07.08.2007 година понудувачот, Друштвото Z до Комисијата за хартии од вредност достави известување за намера за преземање на Друштвото XY и истата на 08.08.2007 година ја објави во дневен весник.

На 11.08.2007 година Органот на управување на Друштвото XY достави до Комисијата за хартии од вредност известување дека се отпочнати преговори со понудувачот и истото на 12.08.2007 година го објави во дневните весници: Утрински и Коха.

На 14.08.2007 година Брокерската куќа XX заедно со Адвокат YY во име и за сметка на понудувачот - Друштвото Z, до Комисијата за хартии од вредност поднесоа барање за издавање дозвола за понуда за откуп на обични акции издадени од Друштвото XY, кое беше комплетирано на ден 13.08.2007 година.

На 13.08.2007 година, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје до Комисијата достави известување дека е доставена банкарска гаранција во износ од 22.260.000,00 евра, доволен за исполнување на паричната обврска кон сите иматели на хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп и дека е склучен Договор со понудувачот за вршење услуги во постапката за преземање на акционерско друштво.

На 16.08.2007 година, до Комисијата за хартии од вредност од страна на Народна Банка на Република Македонија е доставено Решение бр. 09-12345/2007 со кое се издава претходна согласност на Друштвото Z да се стекне со 100% од акциите со право на глас на Друштвото XY.

## ОДОБРУВАЊЕ НА ПОНУДАТА ЗА ОТКУП

На 19.08.2007 година, Комисијата за хартии од вредност на понудувачот - Друштвото Z му издаде дозвола за понуда за откуп на обичните акции издадени од Друштвото XY.

Понудувачот Друштвото Z на 24.08.2007 година во дневен весник ја објави понудата за откуп на обични акции и Извадокот од проспектот за откупот на обични акции издадени од Друштвото XY, од кога започна да тече рокот за прифаќање на понудата за откуп.

## УСЛОВИ НА ПОНУДАТА ЗА ОТКУП

Понудата за откуп се однесува на 222.600 обични акции издадени од Друштвото XY. Понудата за откуп во име и за сметка на понудувачот ја дава Брокерската куќа XX.

Понудувачот - Друштвото Z утврди најмала количина на акции со право на глас која треба да биде прифатена за понудата за откуп да се смета за успешна и која изнесува 150.000 обични акции од Друштвото XY односно понудувачот утврди дека процентот на откупени хартии од вредност за понудата да се смета за успешна изнесува 67,38% о од вкупниот број на обични акции на кои се однесува понудата за откуп.

Понудувачот понуди да ги откупи хартиите од вредност по цена од 6.130,00 денари по акција.

Рокот за прифаќање на понудата за откуп, е утврден на 30 дена од денот на првото објавување на извадокот од проспектот и понудата за откуп во дневниот печат, односно истиот траеше од 24.08.2007 година до 18.09.2007 година.

Рокот за плаќање на сите хартии од вредност кои акционерите ќе прифатат да ги продадат беше утврден на 3 дена по добивањето на решението од Комисијата за хартии од вредност за успешност на понудата за откуп, согласно Договорот кој понудувачот го има склучено со Депозитарот.

На 28.08.2007 година органот на управување на акционерското друштво на кое се однесува понудата за откуп - Друштвото XY го објави своето образложено мислење во дневен весник, а на ден 29.08.2007 година истото го достави до КХВ.

На 10.09.2007 година понудувачот во дневен весник објави дека условот за најмалата количина на обични акции издадени од Друштвото XY која треба да биде прифатена за понудата за откуп да се смета за успешна е исполнет.

На 18.09.2007 година, заврши рокот за прифаќање на понудата за откуп.

## ИСХОД НА ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

На 21.09.2007 година, понудувачот - Друштвото Z преку Брокерската куќа XX ја извести Комисијата за хартии од вредност дека понудата за откуп на обични акции издадени од Друштвото XY е успешно реализирана.

Понудата за откуп на 222.600 обични акции ја прифатија 657 сопственици на обични акции кои доставиле изјави за вкупно 178.324 обични акции, издадени од Друштвото XY.

Јавноста за исходот на понудата за откуп од страна на понудувачот, е известена со објава во дневниот весник "Утрински" и „Коха" од 19.09.2007 година.

Комисијата за хартии од вредност на ден 21.09.2007 година со Решение ја утврди успешноста на понудата на Друштвото Z за откуп на обичните акции издадени од Друштвото XY.

Откако, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје врз основа на Решението на Комисијата за хартии од вредност за утврдување на успешност на понудата за откуп, им ги исплати акциите на акционерите на Друштвтото XY, Друштвото Z и официјално стана сопственик на тие акции продадени во постапката за преземање на акционерското друштво.

Врз основа на понудата за преземање на Друштвото XY, понудувачот - Друштвото Z се стекна со вкупно 178.324 обични акции, кои обезбедуваат учество од 80,10% од акциите со право на глас издадени од Друштвото XY.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Адреса:
Ул. Димитрие Чуповски бр. 26
Скопје

Телефон:
02/ 3244-670

Факс:
02/ 3244-671

e-mail
khv@sec.gov.mk

интернет страница
www.sec.gov.mk